Врз основа на 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 в.в. со член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), а по Решение на Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно Решение број 04-54/1 од 23.04.2026 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Балканска истражувачка репортерска мрежа-Скопје (БИРН), по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 28.04.2026 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Балканска истражувачка репортерска мрежа-Скопје (БИРН), поднесено до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведено под бр. 08-2 на 22.04.2026 година СЕ УВАЖУВА.

***О б р а з л о ж е н и е***

До Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, беше доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации Балканска истражувачка репортерска мрежа-Скопје (БИРН), заведено со број 08-2 од 22.04.2026 година, со кое Барателот бара преку е-маил/електронски запис да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

**„ 1. Вкупен број на обработени жалбени предмети во 2025 година;**
**2. Разделена статистика за жалбите според подносителите: физички лица, граѓански организации и правни лица;**
**3. Број на организирани обуки во 2025 година;**
**4. Најчеста причина за поднесените жалби во проценти;**
**5. Број на поднесени годишни извештаи од страна на имателите на информации во врска со примената на правото на пристап до информации во однос на вкупниот број иматели на информации.“**

Постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер Ве информира за следното:

Во однос на сите ваши погоре поставени прашања, Агенцијата утврди дека вкупниот број на обработени жалбени предмети во 2025 година е 626 жалби.

За разделената статистика за жалбите според подносителите: физички лица, граѓански организации и правни лица, податоците се следни:

- од физички лица поднесени се 344 жалби;
- од граѓански организации поднесени се 194 жалби;
- од правни лица поднесени се 54 жалби

и 34 жалби се поднесени од новинари.

Агенцијата во 2025 година има организирано девет (9) обуки за определените службени лица за посредување со информации кај имателите на информации од јавен карактер.

Најчестата причина за поднесените жалби е поради молк на управата, а тоа се 438 жалби и во проценти изнесува 69.96% од вкупно поднесените жалби во 2025 година.

Бројот на поднесени годишни извештаи од страна на имателите на информации во врска со примената на правото на пристап до информации за извештајната 2025 година изнесува 1294 доставени годишни извештаи во законски пропишаниот рок, од вкупно 1456 иматели на информации од јавен карактер регистрирани во Листата на иматели.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-2
28.04. 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

По Решение на Директор,
бр.04-54/1 од 23.04.2026 година
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Оливер Серафимовски

Доставено до:
- Барателот на информацијата
- Архива на Агенцијата

Прилог:

- Фотокопија од меил за достава на Решение 08-2 од Агенцијата